ИНФОРМАТИВНА БРОШУРА ЗА ГЛАСАЧИ

# ШТО Е ЛОКАЛНА ВЛАСТ И КАКО ЈА ИЗБИРАМЕ

ЛЕСНО
РАЗБИРЛИВИ
ИНФОРМАЦИИ





Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ИНФОРМАТИВНА БРОШУРА ЗА ГЛАСАЧИ

# ШТО Е ЛОКАЛНА ВЛАСТ И КАКО ЈА ИЗБИРАМЕ

## ЛЕСНО РАЗБИРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Државната изборна комисија и
Мисијата на ОБСЕ во Скопје
во 2021 година го објавија Прирачникот
„Што е локална власт и како ја избираме“.
Прирачникот е наменет за гласачите.

Во оваа брошура тој прирачник е напишан
во лесно разбирлива форма.
Брошурата е подготвена во 2021 година
во рамките на проектот
„Поддршка на демократското управување и процесите за инклузија”
на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во соработка со
Државната изборна комисија на Република Северна Македонија.

Оригиналната публикација на Прирачникот
„Што е локална власт и како ја избираме“
претставува конечна и официјална верзија.

Оваа брошура ја преведоа
во лесно разбирлив формат
самозастапниците од Здружение СОЛЕМ
и нивните асистенти.

Текстот го преведоа самозастапниците:
Ива Шуминоска
Кристијан Ристевски
Стефан Пешиќ

Лектура: Злата Ѓуроска-Брајовиќ
Илустрации: Игор Стевковски
Графички дизајн и печат: Полиестердеј

Оваа брошура ги следи
европските стандарди за лесно читање
и разбирање на информациите.
Дознајте повеќе на: www.inclusion-europe.eu/easy-to-read/

Оваа публикација не ги одразува
гледиштата и ставовите на
Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Сите права се задржани.
Содржината на оваа публикација
може слободно да се користи и умножува
во образовни и други некомерцијални цели.
Услов при секоја таква репродукција е да се наведат
Државната изборна комисија
на Република Северна Македонија и
Мисијата на ОБСЕ во Скопје како извор.

# СОДРЖИНА

ЛОКАЛНАТА САМУПРАВА
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 5

ОРГАНИ НА ОПШТИНАТА 9

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ - КАКО СЕ
ИЗБИРААТ ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА 13

ДЕМОКРАТСКО УПРАВУВАЊЕ 33

НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА 39

ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ 47

НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ
ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНИТЕ 50

КОНТАКТИ 53

# ЛОКАЛНАТА САМУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заради остварување на своите права
и задоволување на потребите во местото каде живеат
граѓаните се организираат во единици на локалната самоуправа.

Единици на локалната самоуправа се:

- општините
- Градот Скопје.

Општина е заедница на луѓето што живеат на одредено подрачје.

Територијата на општината е утврдена со закон.

Во рамките на една општина
на жителите им се овозможува да добиваат услуги
за кои е надлежна општината:

- образование
- детска заштита
- заштита на стари лица
- снабдување со вода
- собирање на отпад
- одржување на паркови
- спорт
- друго.



За да може да функционира
и да им ги обезбедува услугите на граѓаните
општината има:

- општински органи
- општинска администрација
- организирани јавни служби.

Општински органи се:

- Градоначалникот
- Советот на општината.

Општинска администрација се вработените во општината.
Организирани јавни служби се:

- јавните претпријатија
- јавните установи.

Јавни претпријатија се компании
што ги основала општината
за да им обезбедат
на сите граѓани во таа општина:

- снабдување со вода
- собирање на смет
- градски превоз
- паркови
- помагање на уличните кучиња.



Јавни установи се:

- градинките
- училиштата
- библиотеките
- театрите
- спортските сали.



Општините се едно или повеќе населени места
во кои живеат граѓаните
и се поврзани со заеднички потреби и интереси.
Интересите на граѓаните се разликуваат.
Секое населено место има различни потреби.
Потребите во селските и во градските средини се различни.
Локалната самоуправа во Република Северна Македонија
е организирана во 80 општини и Градот Скопје.

Подрачјето на кое се основа општината
е природна географска и економска целина.
Блиските населени места лесно можат да комуницираат.
Општинската зграда е центарот на општината.
Граѓаните одлучуваат за потребите и интересите
на општината во која живеат.

Градот Скопје е најголем град во
Република Северна Македонија.
Како најголем град е посебна единица на локална самоуправа.
Во градот Скопје има 10 општини.
Тие се:

- Аеродром
- Бутел
- Гази Баба
- Ѓорче Петров
- Карпош
- Кисела Вода
- Сарај
- Центар
- Чаир
- Шуто Оризари.

За некои потреби на граѓаните одговорен е Град Скопје.
За некои потреби на граѓаните се одговорни општините во кои живеат.
Постои посебен закон во кој е објаснето:

- за што е одговорен Град Скопје
- за што се одговорни општините.

Граѓаните на Скопје на локалните избори во исто време бираат:

- локална власт во општината во која живеат
- локална власт на градот Скопје.

Сите граѓани гласаат во општината каде се жители.

# ОРГАНИ НА ОПШТИНАТА

Општините ги извршуваат своите должности
преку своите органи.
Законот за локалната самоуправа
ги регулира должностите на органите на општината.

Органи на општината се:

- Советот
- градоначалникот.

Советот на општината ги претставува граѓаните во општината.
Членовите на советот на општината се бираат на локалните избори.
Членовите на советот на општината се бираат на секои 4 години.

Бројот на членови во советот на општината
зависи од бројот на жителите во општината.
Општините со малку жители имаат
помал број на членови
во советот на општината.
Општините со повеќе жители имаат
поголем број на членови
во советот на општината.
Бројот на членови во советот на општината е
точно определен со Законот за локалната самоуправа.



Советот носи одлуки за:

- Статутот на општината
- буџетот на општината
- годишната сметка на општината
- цената на услугите што ги наплаќа општината
- основа јавни претпријатија
- проверува како работеле јавните претпријатија
- основа јавни установи
- проверува како работеле јавните установи
- какви услуги ќе се развиваат во општината
- начинот на плаќање на тие услуги
- изнајмување на имотот  во сопственост на општината
- продавање на имотот  во сопственост на општината
- врши контрола како се трошат парите на општината
- друго.

Статут е документ со кој се уредува:

- како е организирана општината
- што и како ќе работи општината.

Буџет на општината е план за
прибирање и трошење на парите
со кои располага општината.

Тие пари општината ги добива од:

- граѓаните во општината
- продавањето на имот од општината
- изнајмување на имот од општината
- дозволи за градба на згради
- државата.

На почетокот на годината општината прави план
како ќе ги троши парите со кои располага.
На крајот на годината општината известува
за што ги потрошила парите.

За разгледување на прашања од одредена област
Советот може да формира комисии од својот состав.
Секоја комисија се занимава со прашања од една област.
Може да се формира комисија за спорт.
Таа се занимава со
одвивањето на спортските активности
и унапредувањето на спортските активности во општината.
Може да се формира
комисија за заштита на правата на децата.
Таа носи одлуки
за подобра заштита на правата на децата.
Може да се формира комисија за општествени дејности.
Таа се занимава со
услугите што им се потребни на граѓаните во општината.

Граѓаните на општината треба да се вклучени
во работата на Советот.

Градоначалникот на општината е одговорен да:

- ја претставува општината
- потпишува документи во име на општината
- контролира дали одлуките на Советот се во согласност со законите
- ги објавува одлуките на Советот во службеното гласило на општината
- се грижи за спроведувањето на одлуките на Советот
- предлага до Советот донесување на прописи
- го предлага планот како да се трошат парите на општината
- го извршува буџетот односно организира
- избира директори на јавните служби што ги основала општината
- раководи со вработените во општината
- се грижи за имотот на општината
- друго.

Вработените во општината се нарекуваат
општинска администрација.
Вработените во општината ги извршуваат работите
што се одговорност на општината.
Вработените во општината не се бираат на локалните избори.
Вработените во општината се вработуваат преку јавни огласи.
Вработените во општината не треба да се менуваат
кога ќе се избере нов градоначалник.

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
# КАКО СЕ ИЗБИРААТ ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

На локални избори се бира:

- Советот на општината
- Градоначалник на општината.

На локалните избори се гласа тајно.

Тоа значи дека никој не смее да бара:

- да му објасниш зошто така си гласал
- да му кажеш за кого си гласал.

Во Република Северна Македонија

локални избори се одржуваат на секои 4 години.

Во исто време се одржуваат избори во:

- сите 80 општини
- во градот Скопје.

Локалните избори ги распишува

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.

**Право да се биде избран**
**и право на кандидирање**

Кандидат за градоначалник или градоначалничка

може да биде секој граѓанин кој:

- е државјанин на Република Северна Македонија
- има наполнето 18 години
- не му е одземена деловната способност
- живее во општината за која сака да се кандидира.

Кандидат за член на советот на општината
може да биде секој граѓанин кој:

- е државјанин на Република Северна Македонија
- има наполнето 18 години
- не му е одземена деловната способност
- живее во општината за која сака да се кандидира.

Не може да бидеш кандидат на локалните избори ако:

- си во затвор додека траат изборите
- си лежел во затвор повеќе од 6 месеци.

Кандидатите за локалните избори ги предлагаат:

- политичките партии
- граѓаните.

Доколку граѓаните сакаат да поднесат
листа на кандидати на локалните избори
тие претходно мора да соберат одреден број потписи
од граѓани и граѓанки што го подржуваат тој кандидат.
Бројот на потписи што треба да се соберат
зависи од бројот на жители во општината.
Во општините каде има голем број на жители Албанци
листите со кандидати ќе бидат на:

- македонски јазик
- албански јазик.

Во општините каде има голем број на жители Роми
листите со кандидати ќе бидат на:

- македонски јазик
- ромски јазик.

Државната изборна комисија печати гласачки ливчиња за секоја општина посебно.

Гласачите кога гласаат добиваат по 2 гласачки ливчиња:

- ливче на кое гласаат за градоначалник на општината во која живеат
- ливче на кое гласаат за Советот на општината во која живеат.

Гласачите од град Скопје кога гласаат добиваат по 4 гласачки ливчиња:

- ливче на кое гласаат за градоначалник на општината во која живеат
- ливче на кое гласаат за Советот на општината во општината во која живеат
- ливче на кое гласаат за градоначалник на град Скопје
- ливче на кое гласаат за Советот на град Скопје.

**Што содржи гласачкото ливче?**

Државната изборна комисија ги утврдува:

- изгледот на гласачкото ливче
- содржината на гласачкото ливче.

Гласачките ливчиња имаат заштитни знакови за да се заштитат од злоупотреба.

Различна е бојата на гласачките ливчињата за:

- градоначалник
- членови на Совет на општината.



Во најгорниот дел од гласачкото ливче ги пишува:

- името на општината
- бројот на гласачкото место.

Потоа следува листата со имињата на кандидатите
и кој ги кандидирал.
На гласачкото ливче за избор на градоначалник ги пишува
имињата на кандидатите за градоначалници.
На гласачкото ливче за избор на
членови на Советот на општината ги пишува:

- имињата на политичките партии што предлагаат Совет
- имињата на носителите на
  Советничките листи за секоја партија.

Имињата на сите кандидати предложени за
Советот може да ги видиш и прочиташ:

- во медиумите
- напишани на ѕид пред гласачкото место каде гласаш.

Гласаш така што
на гласачкото ливче за градоначалник
го заокружуваш редниот број
пред името на кандидатот за кој сакаш да гласаш
со сино пенкало.
Гласаш така што
на гласачкото ливче за членови на
Советот на општината
го заокружуваш редниот број
пред името на носителот на листата
со сино пенкало.
Не мора на двете гласачки ливчиња
да гласаш за истата политичка партија.
Гласањето е тајно.
Секој гласач може да гласа само еднаш.
На лицата со оштетен вид
достапен им е шаблон со Брајова азбука.

**Избор на градоначалник или градоначалничка**

Кандидатот за градоначалник што добил
најмногу гласови на изборите
ќе биде градоначалник.
Право на глас имаат сите граѓани во општината кои:

- се полнолетни
- живеат на територијата на таа општина
- се запишани во избирачкиот список.

Во Република Северна Македонија
на лицата со одземена деловна способност
за кои судот утврдил
дека не можат слободно да ја изразат својата волја
не им е дозволено да гласаат.
Гласаш за еден од кандидатите
што се напишани на гласачкото ливче.
Изборите за градоначалник можат да имаат

- еден круг на гласање
- два круга на гласање.

Државната изборна комисија решава дали ќе има
втор круг на гласање.
Тоа зависи од бројот на гласачи
што гласале во првиот круг.
14 дена по завршувањето на првиот круг
се одржува вториот круг на гласање.
Во вториот круг се избира помеѓу
двајца кандидати.
Овие кандидати добиле
најмногу гласови во првиот круг.
Имињата на другите кандидати
повеќе не се напишани
на гласачкото ливче.

Градоначалник станува кандидатот
што има повеќе гласови во вториот круг.
Ако никој не победи
Владата на Република Северна Македонија
бира човек да ја работи
работата на градоначалникот.
Потоа пак се распишуваат избори во таа општина.

**Избор на членовите и членките на Советот на општината**



Право на глас имаш ако:

- си полнолетен
- живееш во општината
- те има во избирачкиот список.

Изборот на членовите на
Советот на општината се врши
според пропорционален модел
со затворени листи.

Затворена листа значи дека гласаш
за група на кандидати.
Кандидатите ги предлага подносителот на листата.
Не гласаш за секој човек поединечно.
Гласаш за една политичка група.
Колку советници ќе има некоја политичка опција
зависи од бројот на гласови
што таа политичка опција ги освоила на изборите.

Кога се бираат членови на Советот на општината
се гласа само еднаш.

По завршување на изборите во
Република Северна Македонија има:

- 81 градоначалник
- 81 Совет на општина.

Во Советот членуваат и жени и мажи.
Градоначалник може да биде и жена и маж.

Тие одлучуваат наместо граѓаните.
Времето додека одлучуваат наместо граѓаните се вика мандат.
Мандатот трае 4 години.

Градоначалникот за време на својот мандат
престанува да работи на своето
претходно работно место.
Функцијата градоначалник ја врши
со полно работно време.
За ова прима месечна плата.

Членовите на советот на општината
продолжуваат да работат на
своите работни места.
Функцијата советник ја обавуваат дополнително.
За тоа добиваат пари.
Колку пари ќе добијат пишува во законот.

Лицето кое е избрано за градоначалник
не може истовремено да биде и:

- претседател на Република Северна Македонија
- пратеник во Собранието
- премиер
- министер
- судија
- друго.

Ако си градоначалник
не можеш да бидеш и член на Советот на општината.
Ако си член на Советот на општината
не можеш да бидеш и градоначалник.

**Изборна кампања и медиуми**

Изборна кампања е јавно претставување на кандидатите
кои учествуваат на изборите.
Тие имаат планови за општината.
Плановите ги претставуваат преку:

- јавни собирања
- настани
- плакати
- видео презентации
- делење флаери
- зборување на радио
- зборување на телевизија.



Изборната кампања е забранета :

- 1 ден пред денот на изборите
- на денот на изборите.

Тоа се вика изборен молк.
На денот на изборите
на медиумите им е дозволено
да известуваат за изборниот процес.

Медиуми се:

- весниците
- телевизиите
- радијата
- интернет порталите.

Сите медиуми мора да дозволат
сите кандидати да имаат исти можности
да ги кажат своите планови.
Телевизиите што се гледаат во целата држава
мора да обезбедат превод на знаковен јазик
за лицата со оштетен слух.
Секој кандидат треба да има можност
да се претстави пред граѓаните
на начин што е разбирлив за нив.
Кандидатите не смеат да се претставуваат
додека се даваат емисии за деца.



## Финансирање на локалните избори

Локалните избори се организираат со пари на општината.
Државната изборна комисија набавува:

- гласачки кутии
- паравани
- гласачки ливчиња
- информативен материјал.

Ако некоја општина нема пари за локални избори
пари за да се одржат изборите се обезбедуваат од
Буџетот на Република Северна Македонија.
За изборната кампања не смее да се земаат пари од:

- буџетот на општината
- јавни претпријатија
- јавни установи
- здруженија на граѓани
- верски заедници
- странски влади
- меѓународни организации.

Својата изборна кампања политичката партија
може да ја финансира од:

- средствата кои ги поседува политичката партија
- донации кои партијата ги добива
- од кредити наменети за избори.

По изборите сите што учествувале на изборите
мора да поднесат извештај.
Во извештајот пишуваат како ги потрошиле парите.
Извештај поднесуваат:

- политичките партии
- медиумите
- Државната изборна комисија.

Изборните органи на крајот објавуваат резултати од изборите.
По објавувањето на резултатите со работа почнуваат:

- Градоначалникот
- членовите на Советот.

## Постапка за гласање

Гласањето се одржува на точно определен ден.
Одлуката за распишување на Локалните избори
ја носи Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија.

Гласањето започнува во 07:00 часот
и трае до 19:00 часот.

Можеш да гласаш:



- Ако си запишан во избирачкиот список
- Ако имаш важечки документ
  за лична идентификација.




Документи за лична идентификација се:

- лична карта
- пасош.

Постапката за гласање започнува на начин што:

- Гласачите пристапуваат да гласаат еден по еден.
- Избирачкиот одбор ќе го провери
  твојот личен идентитет.

Личниот идентитет се докажува со:

- важечки документ за лична идентификација
- отпечаток од прсти.

Нема да можеш да гласаш доколку:

- немаш важечки документ за лична идентификација
- отпечатокот од прсти не ти се совпаѓа со отпечатокот од прсти во електронскиот избирачки список.

Отпечатокот од прст во електронскиот избирачки список е ист со отпечатокот од прст што се зема кога вадиш:

- лична карта
- пасош.

Избирачкиот одбор проверува дали претходно си гласал.
Тоа се прави вака.
Со показалецот од десната рака стиснуваш да оставиш отпечаток.
Ако немаш показалец на десната рака стиснуваш со показалецот од левата рака.
Ако ги немаш двата показалци стиснуваш со следниот прст.



На екранот на мониторот ќе се појави:

- твоја слика
- твојот реден број од избирачкиот список.

Треба да се потпишеш во избирачкиот список.




По оваа постапка некој член на избирачкиот одбор ќе ти даде 2 гласачки ливчиња.
Едното гласачко ливче е за да избереш градоначалник на општината каде живееш.

Другото гласачко ливче е за да избереш
советници во Советот на општината каде живееш.
Гласачите од град Скопје
добиваат 4 гласачки ливчиња.
Едно ливче за избор на градоначалник
на општината каде живееш.
Едно ливче за избор на советници во
Советот на општината каде живееш.
Едно ливче за избор на градоначалник на град Скопје.
Едно ливче за избор на советници
во Советот на општината на град Скопје.



На гласачките ливчиња им се става
печат од гласачкото место на
местото предвидено за ставање на печат.
Гласаш самостојно зад гласачки параван.
Гласаш со заокружување на редниот број
пред само еден кандидат
со пенкалото што е оставено во параванот.
Ова пенкало има сина боја.



Ливчето ќе ти биде неважечко ако:

- заокружиш повеќе кандидати
- напишеш нешто на избирачкото ливче
- заокружиш со фломастер
- заокружиш со молив
- заокружиш со црвено пенкало
- заокружиш со црно пенкало.

Откако ќе го заокружиш бројот пред кандидатот
ливчето се превиткува.

Секое ливче се пушта во посебна гласачка кутија.
Го земаш документот за лична идентификација.
Го напушташ гласачкото место.



Ако има проблем со опремата
избирачкиот одбор има посебна постапка
која треба да ја следи.
Ќе го провери твојот личен идентитет.
Тоа го прави со проверка на
документот за лична идентификација.
Ќе провери дали претходно си гласал.
Ќе го внесе твојот ЕМБГ.
ЕМБГ е скратено од
единствен матичен број на граѓанинот.
Секој граѓанин на Република Северна Македонија
има различен ЕМБГ.
Ќе ти земе отпечаток од прст.
Оваа постапка за гласање
се користи и за гласачите кои:

- гласаат од дома
- се сместени во институција
- се во затвор
- се во куќен притвор
- живеат во други држави.

Од дома гласаат лица кои не можат да отидат
на гласачките места.

Доколку не можеш да отидеш да гласаш на гласачкото место
треба да се пријавиш во ДИК.
ДИК е Државната изборна комисија.
Тогаш претставници на избирачкиот одбор
ќе дојдат кај тебе дома
за да можеш да гласаш
пред денот на изборите.

ПРОЦЕСОТ НА ГЛАСАЊЕ СЕ ОДВИВА ИСКЛУЧИВО ПО СЛЕДНИОТ РЕДОСЛЕД:

1. ПРОВЕРКА НА ДОКУМЕНТИТЕ ЗА ЛИЧНА ИДЕНТИФИКАЦИЈА;
2. ПРОВЕРКА СО УРЕД ЗА БИОМЕТРИСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА
3. ПРОВЕРКА И ПОТПИШУВАЊЕ ВО ИЗБИРАЧКИОТ СПИСОК;
4. ИЗДАВАЊЕ ГЛАСАЧКО ЛИВЧЕ;
5. ГЛАСАЊЕ ЗАД ГЛАСАЧКИТЕ ПАРАВАНИ;
6. СТАВАЊЕ НА ГЛАСАЧКИТЕ ЛИВЧИЊА ВО ГЛАСАЧКАТА КУТИЈА.





4
6
3
2

**Гласање на лица на кои им е потребна**
**помош при гласањето**

Лицата со попреченост имаат право да гласаат на избори.
Немаат право да гласаат само лица со одземена
деловна способност за кои судот утврдил дека не можат
слободно да ја изразат својата волја.
Лицата со попреченост имаат право на поддршка при гласањето.
Поддршка може да ти даде
лице во кое имаш доверба.
Сам бираш кој ќе ти помогне.
Ако гласачот не може да дојде до гласачкото место
избирачкиот одбор мора да најде начин
гласачот да влезе во гласачкото место за да гласа.
Ако немаш кој да ти помогне за да гласаш
а ти треба помош
избирачкиот одбор ќе замоли да ти помогне
некој од гласачите што се таму.

Државната изборна комисија соработува со здруженија на граѓани.
Заедно подготвуваат материјали.
Материјалите им помагаат на лицата со попреченост
полесно да се вклучат во изборите.
Изработуваат:

- граничници за потпишување во избирачкиот список
- шаблони со Брајова азбука
- постери со слики како се гласа
  а постерите се ставаат пред секој член
  на избирачкиот одбор
- други материјали.



## Приговори од гласачите

Ако од било кои причини не можеш да гласаш
треба да пријавиш кај општинската изборна комисија.
Членовите од избирачкиот одбор ќе ти дадат формулар.
Тие ќе ти помогнат и да го пополниш формуларот.
Едниот примерок од формуларот ќе го дадеш на нив.
Другиот примерок од формуларот е за тебе.
Во рок од 2 часа Општинската изборна комисија
ќе донесе одлука за твојата пријава.
Пријава може да поднесеш и на интернет
на веб страната www.prigovori.se.mk.




Ако не се согласуваш со нивната одлука
имаш право да поднесеш тужба до
Управниот суд.
Може да побараш помош и од друга организација.
На крајот на оваа брошура
има список со организации што ќе ти помогнат.

Ако мислиш дека е повредено твоето избирачко право може да пријавиш и кај:

- Канцеларијата на народниот правобранител
- набљудувачите на изборите
- невладините организации
- полицијата.

Не премолчувај ако мислиш дека е повредено твоето избирачко право.

Спротивстави се на секој што се обидува да го загрози твоето право на глас.

# ДЕМОКРАТСКО УПРАВУВАЊЕ

**Што е демократско управување?**

Како треба да работат општините?
Кои правила треба да ги почитуваат
општинските органи при својата работа?
Во демократијата граѓаните им даваат право
на лицата кои ги избрале на избори
да носат одлуки во нивно име.
Во демократијата се прифаќаат
одлуките за кои гласале повеќе граѓани.
Вака донесените одлуки мора сите да ги почитуваат.
Во демократијата мора да се почитуваат и
потребите на граѓаните кои се во помал број.
На пример:
Иако повеќето граѓани можат да гледаат
сепак се печатат гласачки ливчиња и со Брајово писмо.
Така и лицата со оштетен вид
ќе можат самостојно да гласаат.

Во демократските општества
голем број на одлуки се носат во општините.
Општините подобро знаат од Владата
што им треба на нивните граѓани.
На пример:
Општината подобро знае од Владата
колку деца во општината
треба да одат во градинка.



Општината прави планови
дали треба да се отвори нова градинка
ако нема доволно места за децата.
Општината може да направи градинка со:

- пари од буџетот на општината
- пари од Владата.

Во демократските општества
граѓаните имаат права и одговорност
да учествуваат во политичкиот живот.
Република Северна Македонија е :

- самостојна
- граѓанска
- демократска држава.

Во неа се гарантираат:

- човековите права
- граѓанските слободи.

Претставниците на власт се луѓе
кои граѓаните ги бираат на избори.
Претставниците на власт носат одлуки
според законите во државата.
Доколку некој ја злоупотребува
довербата што му ја дале граѓаните
граѓаните можат да го сменат.
Нашата држава постојано се стреми кон:

- развој на демократијата
- почитување на демократските принципи на управување.

## Кои се основните принципи на демократското управување?

### Човекови права

Во демократските општества
државата и институциите се стремат да ги заштитат:

- правата на граѓаните
- слободите на граѓаните.

Едни од најзначајните човекови права се:

- правото на живот
- забраната да се измачува друг човек
- правото на слобода
- правото на сигурност
- правото на правично судење
- правото на приватен живот
- правото на семеен живот
- правото на здравствена заштита
- забраната на дискриминација
- други права.

**Еднаквост**

Еднаквоста на сите граѓани значи
сите да имаат еднакви можности
да ги остварат своите права независно од:

- бојата на кожата
- полот
- родот
- етничката припадност
- религијата
- попреченоста
- и слично.



**Фер и слободни избори**

Слободните и фер избори им даваат на граѓаните шанса
самите да ги изберат своите водачи.

**Владеење на правото**

За сите граѓани сите закони треба да важат исто.
Сите мора да ги почитуваат законите и
да бидат казнети ако прават спротивно на законите.

**Повеќепартиски систем**

Повеќе партии постојат
за да се прошири изборот за гласање.
Граѓаните и граѓанките можат да ги изберат
најдобрите кандидати да им бидат водачи.

**Политичка толеранција**

Партиите на власт треба да ги остварат своите планови
за што добиле мандат од граѓаните на избори.
Но тие треба да ги почитуваат и потребите на партиите
што не победиле на изборите.

**Неутралност на државните институции**

Државните институции и јавните функционери мора да работат:

- професионално
- непристрасно
- да не застапуваат интереси на одредена политичка партија.

Ваквото работење ќе придонесе за:

- задоволување на потребите на сите граѓани
- подобар живот на граѓаните.

**Учество на граѓаните во процесите на одлучување**

Граѓаните ги избираат своите претставници на избори.
Ги бираат врз основа на програмата за работа
која различните кандидати ја презентираат пред изборите.
Но избраните претставници се должни
да им овозможат на граѓаните
во текот на својот мандат
да учествуваат во одлучувањето во општината.
Ова може да го направат преку:

- слушање на предлозите од граѓаните
- собири на граѓаните
- референдум во општината.

На референдум граѓаните го кажуваат своето мислење
за некое прашање.
Пред да се донесе некоја одлука
треба да се побараат мислења од:

- сите страни кои се засегнати
- стручни лица.

**Транспарентност**

Јавните функционери дозволуваат
јавно да се провери што работат
додека се на јавна функција.

Тие дозволуваат граѓаните да:

- присуствуваат на јавните состаноци
- да добијат информации.

**Отчетност**

Избраните претставници добиваат власт
од граѓаните на избори.
Затоа мора редовно да ги информираат за:

- своите одлуки
- резултатите од својата работа.

**Контрола врз злоупотреба на моќта**

Секоја влада може да ја злоупотреби својата моќ.
Затоа мора да се врши контрола на нејзината работа.
Ако ја злоупотребат моќта што им ја дале граѓаните
избраните претставници треба да бидат казнети.

**Економска слобода**

Економска слобода е способноста на луѓето
слободно да преземаат економски активности.
Економски посиромашните граѓани
може полесно да бидат цел
на разни видови злоупотреби во политички цели.

# НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

**Кои надлежности ги има општината**

Услуги за граѓаните се обезбедуваат:

- од општините
- од Владата.

Општините ги вршат работите што се од интерес за граѓаните кои живеат во таа општина.

Општините самостојно ги вршат следните работи:

**Урбанистичко планирање**

Општината одлучува како ќе изгледа просторот во општината.

Ова значи дека општината е одговорна за:

- издавањето на одобрение за градење на објекти
- уредувањето на просторот
- уредувањето на градежното земјиште.

Уредување на просторот е план на општината
за тоа каде треба да има:

- згради
- куќи
- паркови
- паркинзи
- и друго.

Уредувањето на градежното земјиште е план
каде треба да има:

- куќи
- згради.

Уредување на градежното земјиште е
дел од планот за уредувањето на просторот.

Доколку сакаш да градиш куќа

Општината прво мора да ти дозволи.

**Заштитата на животната средина и природата**

Секоја општина мора да се грижи за чистотата на општината.

Општината  треба да преземе мерки за:

- заштита од загадување на водата во општината
- заштита од загадување на воздухот во општината
- заштита од загадување на земјиштето во општината
- заштита на природата
- заштита од бучавата
- заштита од штетно зрачење.

**Локален економски развој**

Секоја општина треба да планира како да помогне

да се отворат повеќе компании.

Општината заедно со компаниите треба да најде начин

како да им помогне на компаниите поуспешно да работат.

Ако има поголем број на компании во општината

тоа значи дека граѓаните што живеат таму ќе можат:

- да добијат повеќе услуги од компаниите
- да се вработат во тие компании.



**Комунални дејности**

Општините се должни да обезбедат:

- снабдување со вода за пиење
- одведување на отпадните води
- пречистување на отпадните води
- јавно осветлување
- одржување на јавна чистота
- собирање на отпад
- организирање на јавниот превоз на патници
- изградба на локални патишта
- одржување на патишта
- простор за паркирање
- отстранување на непрописно паркираните возила
- изградбата на пазари
- чистењето на оџаците
- одржување на парковите
- одржување на зеленилото
- одржување на парк-шумите
- одржување на рекреативните површини
- одржување на речните корита во урбанизираните делови
- определување на имиња на улици
- определување на имиња на плоштади
- определување на имиња на мостови
- друго.



**Култура**

Општината е должна да обезбеди:

- поддршка на културните установи
- негување на фолклорот
- негување на локалните обичаи
- негување на старите занаети
- организирање  културни манифестации
- друго.

Културни установи во општините се:

- библиотеките
- театрите
- домови на културата.

**Спорт и рекреација**

Општината е должна да обезбеди услови за:

- развој на спортот во општината
- развој на рекреативните активности
- организирање на спортски приредби
- организирање на манифестации
- изградба на објекти за спорт
- одржување на објектите за спорт
- поддршка на спортски сојузи.



**Социјалната заштита и заштита на децата**

Општината управува со:

- детските градинки
- општинските домови за стари
- остварување на социјална грижа за лицата со попреченост
- обезбедување на услуги за лицата со попреченост во општината
- остварување на социјална грижа за децата без родители и родителска грижа
- остварување на социјална грижа за деца со воспитно-социјални проблеми
- остварување на социјална грижа за деца со попреченост
- остварување на социјална грижа за децата од еднородителски семејства
- остварување на социјална грижа за децата на улица
- остварување на социјална грижа за лицата засегнати со злоупотреба на дрога
- остварување на социјална грижа за лицата засегнати со злоупотреба на алкохол
- домување на лица со социјален ризик.

**Образование**

Општината во соработка со Владата е одговорна за:

- основање на основните училишта
- финансирање на основните училишта
- водење на основните училишта
- основање на средните училишта
- финансирање на средните училишта
- водење на средните училишта.

Општините се должни да организираат превоз
за да одат учениците на училиште.
Општините се должни да организираат јадење
за учениците  во училиштата.
Општините се должни да обезбедат училишни домови
во кои ќе може да живеат учениците што доаѓаат од друг град.

**Здравствена заштита**

Општината е должна да:

- управува со мрежата на јавни матични здравствени организации
- управува со објектите од примарна здравствена заштита
- организира здравствено воспитување
- врши унапредување на здравјето
- врши превентивни активности
- врши надзор над заразните болести во општината
- помага на пациенти со специјални потреби
- помага на деца и возрасни што се жртви на насилство
- друго.

**Организирање на заштита и спасување на граѓаните**

Општината е должна да организира
заштита на граѓаните во случај на:

- поплава
- земјотрес
- град
- силни ветришта
- пожар
- војна.

**Противпожарна заштита**

Општината е должна да организира противпожарна служба која ќе интервенира ако во општината има пожар.

**Начини на извршување на надлежностите**

За да ги извршат своите надлежности општините можат да основаат јавни служби.

Јавни служби се:

- јавни претпријатија
- јавни установи.

Јавни претпријатија се основаат за:

- водовод
- канализација
- превоз на патници
- одржување на зеленилото
- одржување на чистотата
- справување со кучиња скитници.

Јавни установи се:

- домови за култура
- библиотеки
- центри за социјална грижа
- средношколски ученички домови

Малите општини можат да формираат заеднички јавни служби.

За вршење на одредени надлежности општината може да соработува и со:

- здруженија на граѓани
- приватни компании.

Општините исто така можат да обезбедат
поддршка за активностите на здруженијата
што имаат специфична улога во општината како:

- грижата за лица со попречености
- неформално образование
- спортски клубови
- друго.

**Надзор врз работата на општината**

Над работата на општината
се врши редовен надзор.
Надзор се врши за да се види:

- дали општината ги почитувала законите на државата кога носела одлуки
- како општината ги трошела парите.

Сите граѓани на општината имаат право да :

- постават прашање до општината
- дадат предлог до општината.

Градоначалникот е должен да му оговори на граѓанинот
најдоцна за 60 дена од денот кога ќе го прими:

- прашањето
- предлогот.

# ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

На општините им требаат доволно финансии за да можат:

- да ги извршуваат своите обврски
- да ги обезбедуваат услугите за граѓаните.

Финансии се парите со кои располага општината.

Начинот на финансирање на општините е пропишан со Закон.

Финансиските средства општините ги добиваат од:

- сопствени приходи
- трансфери и дотации
- задолжување.

Сопствени приходи се парите што општината сама ги собира од:

- граѓаните што живеат во општината
- компаниите што работат во општината.

Парите општината ги собира од:

- даноците
- дозволите за градба
- казните
- изнајмувањето на просторот на општината.

Советот на општината ја утврдува висината на:

- данокот
- киријата
- другите давачки.

Трансфери и дотации се парите што општината
ги добива од Владата.

Општината добива пари од Владата за:

- градинките
- училиштата
- домовите за стари лица
- одобрени проекти
- култура
- изградба на пат
- друго.

Задолжување

Општината може да земе кредит од:

- банка
- Владата.

Секое задолжување мора да го одобри Советот на општината.
Ако општината треба да се задолжи
за рок подолг од една година
Советот треба да ги праша граѓаните што мислат за тоа.
Буџетот е најважниот документ
што го донесува Советот на општината.
Буџетот е годишен план
за собирање и трошење на парите на општината.
На веб страницата на општината треба да се објават:

- буџетот
- годишниот извештај за тоа што е направено според буџетот.

Со буџетот се одредува
што планира да направи општината
во текот на годината.

Општината треба да ги вклучи граѓаните
кога одлучува на што ќе се трошат
парите на општината.
Општините имаат ограничени парични средства.
Затоа е важно да се одлучи
како ќе се трошат парите на општината.
За да имаат општините доволно пари да работат
граѓаните треба навреме да ги плаќаат даноците.

# НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНИТЕ

Граѓаните можат да учествуваат во
одлучувањето за прашања од значење во општината.
Тоа можат да го прават преку

- граѓанска иницијатива
- собири на граѓаните
- референдум,
- претставки
- предлози
- јавни трибини
- анкети.

Трошоците за спроведување на
учеството на граѓаните во одлучувањето
ги плаќа општината.

Граѓанска иницијатива
е правото на граѓаните
да му предложат на Советот
да реши одредено прашање од неговата надлежност.
Советот е должен да расправа
ако иницијативата ја поддржат најмалку 10 проценти
од избирачите на општината.
Советот е должен да ја одржи расправата
најдоцна во рок од 90 дена по
доставената иницијатива.
Советот мора да ги информира граѓаните
за својата одлука.

Собир на граѓани се свикува

за да се реши некој проблем во општината.
Собир на граѓани може да свика:

- градоначалникот на општината
- Советот на општината
- граѓаните од општината.

Ако најмалку 10 проценти од избирачите на општината побараат општината мора да свика собир на граѓани.
Вработените во општината се должни
да го организираат собирот на граѓани.
Заклучоците донесени на собирот на граѓани
се разгледуваат најмногу 90 дена.
По 90 дена општината мора да ги информира граѓаните
за својата одлука.

**Референдум**

На референдум граѓаните го
кажуваат своето мислење
за некое прашање.
Советот мора да распише референдум
ако најмалку 20 проценти од избирачите во општината
бараат да има референдум.
Советот може да распише референдум
по сопствена иницијатива.
Одлуката донесена на референдумот
е задолжителна за Советот.

**Жалби и предлози**

Секој граѓанин има право да поднесува
предлози до општината:

- сам
- заедно со повеќе граѓани во општината.

Градоначалникот мора да создаде услови
граѓаните да можат да поднесуваат предлози.
Градоначалникот е должен да одговори на предлогот
најдоцна 60 дена од кога е поднесен.
Секој граѓанин има право да поднесува жалби до општината:

- сам
- заедно со повеќе граѓани во општината.

Градоначалникот мора да создаде услови
граѓаните да можат да поднесуваат жалби.
Градоначалникот е должен да одговори на жалбата
најдоцна 60 дена од кога е поднесена.

**Јавни трибини, анкети и предлози**

При изготвувањето на прописите
општината може да побара предлози на граѓаните преку:

- јавни трибини
- анкети.

# КОНТАКТИ

**Државна изборна комисија**
Телефон: 02 3244 744
Адреса: Улица „Св. Кирил и Методиј“ број 54
1000 Скопје
Електронска пошта: izbori@sec.mk

**Здруженија кои обезбедуваат поддршка на лица со попреченост:**

Здружение на граѓани за поддршка
на лица со посебни потреби **СОЛЕМ** - Скопје
02/2467-551
info@solem.org.mk

Здружение за промоција и развој
на инклузивно општество **ИНКЛУЗИВА**
076 279 662
076 279 663
inkluziva@gmail.com
www.inkluziva.mk

**ПОЛИО ПЛУС** – движење против хендикеп
02 2400 544
polioplus@polioplus.org.mk
www.polioplus.org.mk

Здружение на граѓани **РЕСУРСЕН ЦЕНТАР**

на родители на деца со посебни потреби

078 290 246

078 449 851

resursen.centar@yahoo.com

www.resursencentar.mk

Здружение на граѓани **ЦИВИЛ** - Центар за слобода

02 5209 176

civil@civil.org.mk

www.civil.org.mk